Број на Службен весник:/
Датум на објава на Службен весник:/
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вондредна состојба и воена состојба во Република Македонија (во натамошниот текст: Република).

Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “Природни непогоди” се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство;

2. ,,Други несреќи” се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко- технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер);

3. “Заштита од природни непогоди и други несреќи” е преземање на организациски, технички и други мерки и употреба на технички и други средства за непосредна лична и колективна заштита на луѓето, животинскиот и растителниот свет, имотот, културното наследство и животната средина од последиците предизвикани од природни непогоди и други несреќи;

4. “Спасување” е преземање на конкретни мерки, активности и постапки за заштита на луѓето чиј живот или здравје се загрозени, на животните, растенијата, имотите и културното наследство од последиците на природни непогоди и други несреќи;

5. “Помош” е преземање на конкретни активности за одговор на природни непогоди и други несреќи од страна на стручни лица, тимови и спасувачки единици;

6. “Поддршка“ е преземање на одредени активности за логистичко обезбедување кои се во функција на заштитата и спасувањето од природни непогоди и од други несреќи, со единствена цел за зголемување на ефикасноста на одговорот на погодената заедница;

7. “Опасна материја” е секоја материја во тврда, гасовита или течна состојба (експлозивни материи и предмети, гасови, запаливи течности, запаливи цврсти материи, самозапаливи материи, материи што во допир со водата развиваат запаливи гасови, оксидирачки материи, органски пероксиди, отрови, заразни материи, радиоактивни материи, корозивни (нагризувачки) материи и други опасни материи и производи), која ќе продре во околината, непосредно ќе го загрози животот и/или здравјето на луѓето, животните и растенијата, ќе предизвика уништување или штета на имотот, материјалните добра, културното наследство и природните богатства;

8. “Опасност” е појава која ќе предизвика штета, уништи и/или загрози животот и здравјето на луѓето и имотот, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет, културното наследство и животната средина;

9. “Загрозеност” е вистинска или претпоставена изложеност на луѓето, животните, растенијата, имотот, материјалните добра, природните богатства, културното наследство и животната средина од природни непогоди и други несреќи;

10. “Степен на загрозеност” е очекуваниот обем на штета и другите последици од природни непогоди и други несреќи;

11. “Криза“ е појава со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на државата, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста на Републиката;

12. “Ризик“ е веројатност за настанување на загуби, повреди или штети од природни непогоди и од други несреќи, на кои би биле изложени граѓаните, природните богатства, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметите и објектите од особено културно и историско значење;

13. “Изложеност“ е степен до кој граѓаните, природните богатства, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметите и објектите од особено културно и историско значење, се подложни на загуби, повреди или штети предизвикани од природните непогоди и од другите несреќи;

14. “Совладливост“ е степен до кој погодената заедница може да ги редуцира загубите, повредите и штетите од природни непогоди и од други несреќи;

15. “Штета” е непосредно уништување и оштетување од природни непогоди и други несреќи, како и трошоците за активностите и преземените мерки при отстранување и спречување на уништувањето и оштетувањето на имотот, материјалните добра, природните богатства, културното наследство и животната средина, растенијата, повреди на луѓето и животните;

16. “Основни услови за живот при природни непогоди и други несреќи” се итно здравствено згрижување на луѓето и животните, снабдување на загрозените со вода за пиење и храна, лекови и други основни животни потреби, одржување на хигиената, снабдување со енергија, обезбедување на неопходните сообраќајни врски и функционирање на комуналната инфраструктура, обезбедување и заштита на неопходната сточна храна, како и заштита на културното наследство;

17. “Активирање на учесниците во системот на заштитата и спасување” е преземање на постапки и активности со кои учесниците во заштитата и спасувањето организирано се вклучуваат во спроведувањето на заштитата и спасувањето;

18. “Организирани сили за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи” се посебно организирани единици или поединци во рамките на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва и другите правни лица кои навремено интервенираат во случај на опасност;

19. “Средства за заштита и спасување” се заштитна и спасувачка опрема и орудија (алат), објекти за привремено сместување, објекти и опрема за оспособување, магацини, превозни средства, телекомуникациски и алармни уреди, како и материјал кој наменски се употребува за заштита и спасување или е предвиден за таа цел;

20. “Средства за помош” се животните намирници, вода за пиење, облека, чевли, лекови и другите предмети, односно средства кои се наменети за бесплатно делење помош на загрозеното и погоденото население од природни непогоди и други несреќи, за олеснување на нивниот живот;

21. “Процена на загрозеност” е квалитативна и квантитативна анализа на податоците за рано превентирање, можни ризици и опасности за настанување на природни непогоди и други несреќи, со предвидување на можни последици од истите, предложен степен на заштита од опасностите и предлог за превентивни и други мерки за заштита и спасување;

22. “Ублажување и спречување на настанувањето на природните непогоди и другите несреќи” е проектирање и примена на пропишаните мерки за заштита од пожари и сеизмички дејства на објекти во инвестициона градба и на објекти во употреба, преземање мерки за заштита од град, изградба на одбранбени насипи, регулирање на водотеците, уредување на шумите за заштита од пожари, пошумување на голини, изградба на акумулации за вода и преземање на други мерки пропишани со закон;

23. ”Откривање на настанувањето на природните непогоди и други несреќи” е спроведување на активностите за следење на состојбите во воздухот, почвата и водата и навремено информирање и

24. ”Отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи” е преземање на урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување.

25. “Градби и инсталации што содржат опасни сили“ се објекти и постројки со опасна моќ (брани, насипи, нуклеарки, објекти и постројки за производство на електрична енергија и друго) кои во случај на воена состојба се заштитени со женевските конвенции и дополнителните протоколи како цели на воено дејствување и

26. “Цивилна заштита“ се сите субјекти кои учествуваат во заштитата и спасувањето во Републиката, организирани како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба и

27. „Специјални возила на силите за заштита и спасување“ се возила кои се користат од Дирекцијата за заштита и спасување и од единиците на локалната самоуправа во услови на мир и вонредна состојба.

Член 3

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува, поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Член 4

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката.

Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и со нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите од ставот 2 на овој член се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Субјектите од ставот 2 на овој член кои просторно се сместени во исти објекти, заштитата и спасувањето можат да ги организираат заеднички.

Член 5

Системот за заштита и спасување во Републиката согласно со овој закон се остварува преку:

- набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди и други несреќи;

- преземање на мерки за превенција за ублажување и спречување на настанување на можните опасности;

- известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош преку единствениот систем за известување;

- обука, тренинг и вежби за оспособување за заштита, спасување и помош;

- организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;

- самозаштита, самопомош и заемна помош;

- мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;

- одредување и спроведување на заштитните мерки;

- спасување и помош;

- отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;

- надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;

- давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди и други несреќи;

- давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа;

- примање помош од други држави;

- идентификација и процена на опасностите;

- водење на база на податоци на сите извори на ризици и опасности од природни непогоди и други несреќи и

- изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и планови за заштита и спасување и ажурирање на истите.

Член 6

Заштитата и спасувањето во Републиката се засновува на следниве основни начела:

1) секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

2) во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи приоритет имаат животот и здравјето на луѓето;

3) при настанување на природни непогоди и други несреќи секој е должен да помага во рамките на своите можности;

4) Републиката, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, установи и служби и трговските друштва се должни, навремено да ги организираат и преземаат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

5) секое физичко и правно лице, во согласност со закон, одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување;

6) при ангажирањето на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, при што најпрвин реагираат силите на сопственикот, потоа општините и градот Скопје, Републиката и меѓународната заедница и

7) податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување, од страна на надлежните органи и служби се јавни и мора транспарентно да се објават.

II. ПЛАНИРАЊЕ НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 7

Планирањето на развојот, оперативното и тековното планирање на краток, среден и долг рок на системот за заштита и спасување се води и реализира според принципите, критериумите и стандардите кои важат во системот на планирање, програмирање и буџетирање.

Член 8

Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, донесува Национална стратегија за заштита и спасување за временски период од пет години.

Националната стратегија за заштита и спасување од ставот 1 на овој член ги содржи следниве елементи:

- планирање и подготвување, на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување;

- утврдување на стратешки среднорочни цели за заштита и спасување;

- истражувачко – нормативни и развојни проекти и

- организирање на дејства, активности и постапки од превентивен и оперативен карактер кои ги спроведуваат органите на Републиката, единицата на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и здруженија на граѓани.

Член 9

Владата на Република Македонија, советот на општината и Советот на Градот Скопје донесуваат годишна програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки за реализирање на националната стратегија за заштита и спасување (во натамошниот текст: Национална стратегија).

Член 10

Заради организирано спроведување на заштитата и спасувањето, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Член 11

Планот за заштита и спасување од членот 10 на овој закон се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи.

Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на Републиката ја донесува Владата на Република Македонија.

Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општината ја донесува советот на општината, односно Советот на Градот Скопје.

Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за потребите на трговските друштва, јавни претпријатија, установи и служби ја донесува органот на управување во истите.

Член 12

Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Републиката го донесува Владата на Република Македонија.

Планот за заштита и спасување од став 1 на овој член ги содржи превентивните и оперативните мерки, активности и постапки за заштита и спасување.

Член 13

Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општината го донесува советот на општината, односно Советот на Градот Скопје.

Планот за заштита и спасување од природни непогод и други несреќи на трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби го донесува органот на управување во истите.

Член 14

Пред донесувањето на плановите од членот 13 на овој закон, носителите на планирањето се должни да ги достават на мислење на Дирекцијата за заштита и спасување.

Дирекцијата за заштита и спасување е должна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на плановите од членот 13 на овој закон да даде мислење, кое носителите на планирањето се должни да го вградат во плановите.

III. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ

а) Собрание на Република Македонија

Член 15

Во остварувањето на заштитата и спасувањето Собранието на Република Македонија:

1) ја донесува Националната стратегија од членот 8 на овој закон;

2) одлучува за висината на средствата за потребите за заштитата и спасувањето;

3) прогласува ден на заштитата и спасувањето.

б) Влада на Република Македонија

Член 16

Во остварувањето на заштитата и спасувањето Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Влада):

1) ја утврдува и на Собранието на Република Македонија му предлага Национална стратегија за заштита и спасување;

2) донесува одлука за формирање на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката;

3) донесува одлука за обезбедување на материјалните резерви за потребите на заштитата и спасувањето;

4) одлучува за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во други држави, како и прифаќање на хуманитарна помош и сили за заштита и спасување од други држави;

5) одлучува за испраќање во странство на обука, вежбовни и хуманитарни активности на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката;

6) одлучува за висината на надоместокот за настанатата штета предизвикана од природни непогоди и други несреќи;

7) одлучува за евакуација на населението;

8) одлучува за обука, тренинг и вежби на органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите и

9) врши и други работи утврдени со закон.

в) Дирекција за заштита и спасување

Член 17

Заради извршување на работите од заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи се основа Дирекција за заштита и спасување (во натамошниот текст: Дирекција), како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

Член 18

Во остварувањето на заштитата и спасувањето Дирекцијата ги врши следните работи:

1) го изработува Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи од членот 10 на овој закон;

2) изработува Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во соработка со надлежните органи на државната управа;

3) го организира и подготвува системот за заштита и спасување;

4) предлага мерки за опремување и развој на системот за заштита и спасување во Републиката;

5) обезбедува функционирање на системот за спречување и откривање на настанувањето и отстранувањето на последиците од природни непогоди и други несреќи;

6) обезбедува навремено ангажирање и ефикасна употреба на републичките сили за заштита и спасување и тимовите за брз одговор;

7) се грижи за целосно вградување на мерките за заштита и спасување;

8) обезбедува реализација на стратешките и среднорочните цели за заштита и спасување;

9) учествува во пополнувањето и спроведувањето на мобилизацијата на републичките сили за заштита и спасување;

10) ги согледува потребите за развој и врши опремување на републичките сили за заштита и спасување;

11) се грижи за обезбедување на материјалните резерви за потребите на заштитата и спасувањето;

12) врши контрола и оцена на подготвеноста на силите за заштита и спасување;

13) организира и спроведува обука, тренинг и вежби за потребите на заштитата и спасувањето;

14) изработува наставни планови и програми за обука за заштита и спасување;

15) планира и спроведува меѓународна соработка во областа на заштитата и спасувањето;

16) планира, организира и обезбедува вежбовни активности и учество во колективните системи за заштита и спасување надвор од територијата на Република Македонија;

17) изработува стручни упатства од областа на заштитата и спасувањето;

17-а) врши идентификација, процена на опасностите, нивно степенување и можни последици од истите;

17-б) учествува во вршење на увиди во настанатите штети предизвикани од природни непогоди и други несреќи;

17-в) води база на податоци на сите извори на ризици и опасности од природни непогоди и други несреќи;

18) утврдува нормативи и стандарди за системот за заштита и спасување во Републиката и

19) врши други работи утврдени со закон.

Член 19

Со Дирекцијата раководи директор кој го избира и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

Директорот има заменик кој го избира и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

Директорот и заменик директорот се избираат по пат на јавен оглас објавен во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор и заменик директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование,

4) да има најмалку пет години работно искуство;

5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Заменик директорот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

Член 20

Директорот на Дирекцијата донесува правилник за организација на работата и систематизација на работните места на Дирекцијата.

Во правилникот од ставот 1 на овој член се утврдуваат работните места со посебни должности и овластувања.

Член 21

При Дирекцијата се формира главен штаб за заштита и спасување (во натамошниот текст: главен штаб), кој раководи со активностите за заштита и спасување во Република Македонија.

Членовите на Главниот штаб се стручни лица именувани од Владата, кои за време на ангажирањето во него имаат својство на упатени лица на работа во Дирекцијата.

Директорот на Дирекцијата е командант на Главниот штаб.

Одлука за активирање на Главниот штаб донесува директорот на Дирекцијата.

Главниот штаб е оперативно-стручно тело на Владата.

Член 22

При Дирекцијата се организираат и подрачни организациони единици за заштита и спасување, кои го опфаќаат регионот за подрачјето за кое се формирани Подрачните сили за заштита и спасување, во чии рамки се формираат и во својот состав имаат подрачни штабови кои раководат со активностите на подрачните сили за заштита и спасување.

Во подрачните организациони единици од ставот 1 на овој член се формираат подрачни штабови кои раководат со силите за заштита и спасување во регионот.

Командант на подрачниот штаб е раководителот на подрачната организациона единица за заштита и спасување.

Подрачните штабови се активираат со одлука на директорот на Дирекцијата.

Член 23

Персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување се утврдува со одлука на Владата.

Член 24

Членови на подрачните штабови се вработените од Дирекцијата и стручни лица од органите на државната управа и јавните претпријатија, установите и службите.

Членовите на подрачните штабови ги именува директорот на Дирекцијата и за време на ангажирањето во нив имаат својство на упатени лица на работа во Дирекцијата.

Член 25

Начинот на работа и одлучување на Главниот штаб го уредува Владата, а на подрачните штабови, го уредува директорот на Дирекцијата.

Член 26

При Дирекцијата се формираат тимови за брз одговор (во натамошниот текст: тимови) од разни видови на специјалности.

Видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите го утврдува со одлука Владата.

Распоредот на тимовите по подрачните организациони единици од ставот 1 на овој член го утврдува директорот на Дирекцијата.

Тимовите претставуваат основа на републичките сили за заштита и спасување.

Тимовите се пополнуваат од вработените во Дирекцијата и стручните лица од органите на државната управа, јавните претпријатија, установи и служби, како и од здруженија на граѓани и граѓани експерти со кои се склучува договор за учество во тие тимови.

За времето на своето ангажирање во тимовите, стручните лица од органите на државната управа, јавните претпријатија, установи и служби, како и од здруженијата на граѓани и граѓани експерти, имаат својство на упатени лица на работа во Дирекцијата.

Член 27

Во акции кои бараат итна интервенција тимовите се ангажираат со одлука на директорот на Дирекцијата.

Начинот на ангажирањето на тимовите се уредува со уредба на Владата.

Член 28

Упатените лица во Главниот и подрачните штабови и тимовите, за време на ангажирањето имаат исти права и обврски како и вработените во Дирекцијата.

Упатените лица во тимовите кога се во состав на силите за заштита и спасување, имаат исти права и обврски со другите припадници на тие сили.

Член 29

Во Дирекцијата се формира Центар за оспособување и обука.

Центарот за оспособување и обука реализира основна, дополнителна и специјалистичка обука на републичките сили за заштита и спасување и други кадри од областа на заштитата и спасувањето.

г) Органи на државната управа

Член 30

Заштитата и спасувањето од природни непогоди, и други несреќи во мир, се остварува во органите на државната управа во согласност со законите и другите прописи што ја регулираат нивната надлежност.

Член 31

Органите на државната управа, се одговорни за спроведувањето на мерките за спречување на настанувањето како и за отстранувањето на последиците од природни непогоди, и други несреќи во областите што се во делокруг на нивната надлежност.

Мерките за спречување и отстранување од ставот 1 на овој член кои органите на државната управа треба да ги спроведат, поблиску се уредени со Планот од членот 12 на овој закон.

Член 32

Органите на државната управата, се должни, заради поддршка и помош во активностите за заштита и спасување, да планираат и навремено да обезбедат соодветни средства, опрема и стручен кадровски потенцијал за реализација на задачите од нивна надлежност.

Член 33

На барање на Дирекцијата, а за потребите на заштитата и спасувањето, органите на државната управата се должни да ги стават на располагање сите свои ресурси.

IV. НАДЛЕЖНОСТИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

а) Совет на единицата на локалната самоуправа

Член 34

Во остварувањето на заштитата и спасувањето Советот на единицата на локалната самоуправа ги врши следниве работи:

1) одлучува за воспоставување на потребна организација за заштита и спасување и за спроведување на мерките за заштита и спасување;

2) донесува одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување;

3) заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди или и други несреќи, ги утврдува обврските на јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер кои тие ги основале во:

- гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничко-технолошки и други несреќи;

- расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго;

- укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширењето на заразни болести;

- заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди;

4) ја следи подготвеноста на единицата на локалната самоуправа за заштита и спасување;

5) одлучува за висината на средствата потребни за заштита и спасување од буџетот на единицата на локалната самоуправа;

6) одлучува за висината на средствата од буџетот на единицата на локалната самоуправа за надомест на штета од природни непогоди и други несреќи и

7) одлучува за распределба на хуманитарна помош наменета за настраданото население во единиците на локалната самоуправа.

б) Градоначалник на единицата на локалната самоуправа

Член 35

Во остварувањето на заштитата и спасувањето на подрачјето на единицата на локалната самоуправа, градоначалникот ги врши следниве работи:

1) го предлага планот за заштита и спасување;

2) ја следи состојбата во врска со реализацијата на донесените одлуки од Советот на единицата на локалната самоуправа за спречување на настанувањето и за отстранувањето на последиците од природните непогоди и други несреќи;

3) одговорен е за подготвеноста на силите за заштита и спасување кои единицата на локалната самоуправа ги формирала;

4) одлучува за ангажирање на силите за заштита и спасување кои единици на локална самоуправа ги формирала;

5) раководи и ги координира активностите за заштита и спасување што ги спроведува единицата на локалната самоуправа до активирање на подрачните штабови;

6) го следи остварувањето на акциите за расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди или и други несреќи на подрачјето на единицата на локалната самоуправа;

7) бара помош во ангажирање на просторните сили за заштита и спасување, формирани кај правните лица од подрачјето на единицата на локалната самоуправа и

8) во услови кога со силите за заштита и спасување од точката 4 на овој член ако не можат да се отстранат последиците од природните непогоди и други несреќи, бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување.

За извршување на стручни работи во врска со надлежностите на единицата на локалната самоуправа во областа на заштитата и спасувањето, градоначалникот назначува одговорно лице за заштита и спасување или формира одделение.

Член 36

Градот Скопје ги координира активностите во областа на заштитата и спасувањето на своето подрачје.

Во заштитата и спасувањето општините од Градот Скопје се должни да соработуваат и постапуваат по насоките од Градот Скопје.

За остварување на оваа надлежност Градот Скопје формира Градски штаб за заштита и спасување.

V. ОБВРСКИ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, УСТАНОВИТЕ И СЛУЖБИТЕ

Член 37

Трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни на барање на Дирекцијата или на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа во случај на потреба да им даваат на употреба превозни средства, сили, градежни средства и опрема, запрежен, товарен добиток, прибор и алат, згради, земјиште и други средства потребни за непосредно спречување и отстранување на последиците од природните непогоди и други несреќи.

Трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да доставуваат податоци за ресурсите од ставот 1 на овој член на Дирекцијата и на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

Член 38

Трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни, без повик од надлежен орган кој раководи со акциите за заштита и спасување, да преземаат мерки за заштита и спасување ако претстојат или настанат ненадејни опасности и за тоа веднаш и на најбрз начин да известат преку единствениот систем за известување.

Член 39

Трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите во рамките на својот деловен процес се должни да ги организираат заштитата и спасувањето на вработените и имотот, да се подготвуваат и да преземаат превентивни и оперативни мерки за заштитата и спасувањето.

Субјектите од ставот 1 на овој член се должни во зависност од бројот на вработените, видот на дејноста, застапеноста на опасни материи во процесот на производството, локацијата и другите услови значајни за заштитата и спасувањето да донесат и изработат процена на загрозеност и план за заштита и спасување.

Субјектите од ставот 1 на овој член кои со своето работење можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, или пак да предизвикаат штетни последици по животната средина, се должни на свој трошок да воспостават и одржуваат систем за благовремено предупредување и служби и сили за навремено реагирање, како и да софинансираат пропорционален дел од подготовките на единицата на локалната самоуправа, според обем и степен на загрозеност кој ја предизвикува нивниот деловен процес.

Член 40

Заштитата и спасување од природни непогоди и други несреќи во мир се остварува во согласност со законите и другите прописи што ја регулираат дејноста на субјектите од членот 37 на овој закон.

Во случај од ставот 1 на овој член, по барање на надлежен орган се ангажираат и силите за заштита и спасување формирани од единицата на локалната самоуправа и републичките сили.

VI. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО

Член 41

Во остварувањето на заштитата и спасувањето во Републиката граѓаните ги имаат следниве права и должности:

а) да учествуваат во заштитата и спасувањето;

б) да извршуваат материјална обврска и

в) да се оспособуваат и подготвуваат за самозаштита.

а) Учество во заштитата и спасувањето

Член 42

Должност за учество во силите за заштита и спасување имаат работоспособните граѓани со навршени 18 години живот до наполнети 55 години живот за мажи, односно 50 години живот за жени.

Должноста на граѓаните за учество во заштитата и спасувањето се остварува во силите за заштита и спасување.

Од должноста за учество во заштитата и спасувањето се ослободуваат бремени жени, мајки и самохрани родители и старатели кои имаат или се грижат за дете до седум години, односно за две или повеќе деца до десет години.

Граѓаните се должни да се јавуваат на поканите за учество во заштитата и спасувањето кои им се доставени од надлежен орган.

Должност во заштитата и спасувањето имаат сите работоспособни граѓани.

Член 43

Ангажирање на граѓаните во силите за заштита и спасување врши органот што ги формирал силите.

Начинот и времетраењето на ангажирањето на граѓаните во заштитата и спасувањето со уредба ги пропишува Владата.

б) Извршување на материјална обврска

Член 44

За потребите на заштитата и спасувањето и при изведувањето на вежбовни активности во мир, граѓаните на барање на Дирекцијата се должни да даваат на користење возила, машини, земјиште, објекти и други материјални средства, запрежен и товарен добиток.

Евиденција и распоредување на средствата и добитокот од ставот 1 на овој член врши Министерството за одбрана.

По барање на Министерството за одбрана граѓаните се должни да даваат податоци за материјалните средства и добитокот од ставот 1 на овој член.

Сопствениците на материјалните средства и добитокот од ставот 1 на овој член се должни за секоја промена на податоците од значење за водење на евиденцијата од ставот 2 на овој член да го известат Министерството за одбрана во рок од осум дена од денот на настанување на промената.

За користењето на средствата и добитокот од ставот 1 на овој член, на граѓаните им припаѓа надоместок за нивно користење и надоместок за нивно оштетување или уништување.

Дневниот надоместок за користење на средствата и добитокот од ставот 5 на овој член изнесува до 30% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена во месецот пред давањето на средствата и добитокот, а надоместокот за нивно оштетување или уништување не може да биде помал од пазарната вредност на средствата односно добитокот што истите ја имале во времето кога биле оштетени или уништени, определена врз основа на елементите со помош на кои според обичаите во зависност од времето и местото на пазарот се утврдува пазарната цена.

Поблиски прописи за видот на средствата и добитокот од ставот 1 на овој член, за начинот на водење на евиденцијата и за поблиско определување на висината на надоместокот за нивно користење, оштетување и уништување донесува Владата.

Член 45

Должност за давање на средства и добиток според член 44 на овој закон во заштитата и спасувањето имаат и странски државјани кои постојано живеат на територијата на Републиката, како и странските трговски друштва и странски трговци-поединци, односно нивни претставништва и други организациски единици во Републиката.

Член 46

За извршување на правата и должностите од членот 41 на овој закон, граѓаните повикани од надлежен орган се должни да се јават на органот, во место и време означени во поединечната покана или општиот повик.

Член 47

Правата и должностите утврдени со членот 44 од овој закон се однесуваат и на трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

в) Оспособување и подготвување за самозаштита

Член 48

Граѓаните на Републиката имаат право и должност да се оспособуваат и подготвуваат за лична и заемна заштита, како и да спроведуваат пропишани мерки за заштита и спасување.

Должноста на граѓаните за оспособување се остварува преку организирани форми на оспособување.

VII. ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ХУМАНИТАРНИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 49

Во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи, врз основа на закон и меѓународни договори можат доброволно да учествуваат и здруженија на граѓани, хуманитарни и невладини организации по претходно добиена согласност од надлежниот орган на единицата на локалната самоуправа, односно Дирекцијата, кој наедно и го координира нивното учество во согласност со планските решенија за спроведување на активноста.

Здруженијата на граѓани, хуманитарните и невладините организаци, доколку ги исполнуваат пропишаните критериуми за кадровски и материјално-технички услови, можат да учествуваат во заштитата и спасувањето врз основа на однапред склучен договор со надлежниот орган на единицата на локалната самоуправа, односно со Дирекцијата, во кој поконкретно се утврдуваат обврските на договорните страни.

Надлежните органи од ставот 2 на овој член имаат обврска да софинансираат дел од подготовките кои пред се се однесуваат на опремување и обучување на членовите на здружението на граѓани.

Здруженијата на граѓани, хуманитарните и невладините организации се одговорни за квалитетно и навремено извршување на определените задачи утврдени согласно со Планот за заштита и спасување од членовите 12 и 13 на овој закон.

Начинот и постапката за добивање согласност од ставот 1 на овој член, како и критериумите за исполнување на кадровски и материјално-технички услови за учество во заштита и спасување, со уредба ги пропишува Владата.

VIII. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

а) Заеднички одредби

Член 50

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на овој закон, посебно за секоја, со уредба го уредува Владата.

Член 51

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

1) изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности;

2) вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;

3) уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;

4) воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и

5) обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Член 52

Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето ја утврдува Владата.

Член 53

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообракај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и

3) при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Член 54

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;

2) регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи;

3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;

4) обезбедување на противпожарни пречки;

5) изградба на објекти за заштита и

6) изградба на потребната инфраструктура.

Член 55

За навремено предупредување на населението за можни опасности и превенција од нив, во рамките на системот за заштита и спасување во Републиката се воспоставува:

1) набљудување, јавување и известување и

2) организација за извршување на функции за заштита и спасување во рамките на редовната дејност.

Член 56

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Член 57

Оперативни функции на мерките за заштита и спасување се:

1) активности и мерки за заштита во случај на непосредна опасност;

2) активности и мерки за заштита и спасување за време на траење на опасноста и

3) активности и мерки за отстранување на последиците.

Член 58

Активности и мерки за заштита и спасување кои задолжително се преземаат во случај на непосредна опасност се:

1) прибирање на податоци за можната опасност;

2) ставање во функција на системот за врски и известување на учесниците во заштитата и спасувањето;

3) известување на граѓаните и на надлежните и одговорните лица задолжени за заштита и спасување;

4) зголемена готовност и активирање на надлежните органи на државна управа, надлежните институции и на силите за заштита и спасување;

5) обезбедување на јавниот ред и мир во загрозеното подрачје и

6) преземање на други мерки поврзани со заштитата и спасувањето.

Член 59

Активности и мерки кои задолжително се преземаат за време на опасноста се:

1) самозаштитни активности на граѓаните и правните лица;

2) употреба на силите за заштита и спасување;

3) спроведување на евакуација и згрижување на населението и материјалните добра;

4) преземање на мерки и активности за спречување на ширењето на опасноста и последиците од нив и

5) раководење и командување со сите учесници во заштитата и спасувањето.

Член 60

Активности и мерки кои задолжително се спроведуваат за отстранување на последиците се:

1) процена на штетите и последиците;

2) санација на подрачјето зафатено со несреќата;

3) обезбедување и давање на неопходна помош на загрозеното и настраданото население;

4) спроведување на здравствени и хигиено-епидемиолошки мерки;

5) спроведување на мерки за заштита на животните и растенијата и производите од нив и

6) организирање на снабдувањето и на комуналните услуги заради брзо нормализирање на животот.

б) Мерки за заштита и спасување

Член 61

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

1) Урбанистичко-технички мерки

1.1. Засолнување

Член 62

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објкти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Член 63

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Член 64

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошкохидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Член 65

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Член 66

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.

При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.

Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, коишто имаат вработени лица со лиценца за вршење на таква дејност согласно со закон.

Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.

Засолништата и другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.

Издавањето на засолништата и другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.

Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти.

Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

1.2. Заштита и спасување од поплави

Член 67

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

1.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Член 68

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Член 69

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди.

Член 70

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици се должни во рок од пет дена од денот на приемот на писменото барање за увид во проектната документација од органот кој ја спроведува постапката за издавање на одобрение за градење, да изврши увид и да даде согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи или да даде забелешки на записник, доколку не се исполнети условите за согласност.

Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата од ставот 1 на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Член 71

Во објекти и простори во коишто се произведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не е поврзана со таква потреба, се забранува:

- употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење;

- користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерна загреана површина;

- складирање на материи со опасност од самозапалување;

- користење уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии;

- движење и престој на неповикани лица и

- употреба на алат кој создава искри.

За мерките за забрана од ставот 1 на овој член, сопственикот, односно корисникот е должен да истакне знаци за забрана и предупредување на видно место на објектот и на просторот.

Член 72

Запаливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации.

Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

Член 73

Физичките лица при употреба на уреди, средства и отворен оган, се должни истите да ги користат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикаат пожари или експлозии.

Член 74

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

За правилно изведување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, се одговорни инвеститорите и изведувачите.

Инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, мораат редовно да се одржуваат во исправна состојба согласно со техничките прописи и правилата на техничката практика.

Сопственикот, односно корисникот на објектот е должен да се грижи за одржување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член.

Ако не може да се утврди сопственикот на објектот од ставот 4 на овој член, обврските ги презема корисникот.

Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и служби за заштита и спасување од пожари на луѓето, материјалните добра и културните наследства мораат да ги одржуваат во исправна состојба и да ги чистат оџаците, димноводните уреди, системите за воздух, системи за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење во објекти како и во индустриски и занаетчиски постројки.

Оддржувањето во исправна состојба на оџаците, димноводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење во објекти, како и во ундустриски и занаетчиски постројки ќе се уреди со посебен правилник кој го донесува директорот на Дирекцијата.

Член 75

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, трговците поединци и други правни лица, во согласност со закон се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати.

Субјектите од ставот 1 на овој член се должни да донесат правилник за заштита од пожари и експлозии на кој согласност дава Дирекцијата.

Содржината на правилникот за заштита од пожари и експлозии од ставот 2 на овој член ја пропишува директорот на Дирекцијата.

Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Член 76

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, трговците поединци и други правни лица, чии објекти се наоѓаат на терени на кои нема водоводна мрежа, се должни потребниот проток и притисок на вода за гаснење на пожари да го обезбедат со изградба на бунари, резервоари, изведба на патишта до изворите за вода или на друг соодветен начин.

Јавното претпријатие или трговското друштво што стопанисува со водоводната мрежа во населено место е должно да обезбеди улична хидрантска мрежа во сите делови на населеното место, соодветно да ја обележи, редовно да ја одржува во исправна состојба и редовно да врши контрола на проточниот капацитет и притисок на вода во хидрантската мрежа, а најмалку еднаш годишно во најкритичниот период, како и да ја стави на располагање техничката документација на противпожарната единица на неговото подрачје.

Техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Член 77

Изведувачот на работи на пат или улица, со кои се запира сообраќајот или водоснабдувањето на хидрантската мрежа за гаснење на пожари е должен најмалку 24 часа пред отпочнувањето на работите за тоа да ја извести противпожарната единица.

На барање на противпожарната единица, јавното претпријатие кое врши дистрибуција на електрична енергија е должно веднаш да пристапи кон исклучување на напојувањето со електрична енергија на опожарените објекти и простори.

Член 78

Во објекти или на простор каде што постои зголемена опасност за настанување на пожари, се организира противпожарна стража опремена со соодветни уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожари и експлозии, се додека таа опасност не престане.

Противпожарната стража од ставот 1 на овој член се организира особено во следниве случаи:

- за време на одржување на јавни собири и приредби, каде што постои зголемена опасност од појава на пожари;

- при преточување на запаливи течности и гасови во количества над 5 метри кубни;

- при заварување, употреба на отворен пламен или алат што искри во простор кој не е посебно прилагоден за таа намена, доколку постои зголемен ризик за настанување на пожар;

- на отворен простор (шуми, национални паркови, заштитени подрачја, новопошумена површина, парк- шуми, пасишта и земјоделска површина), во време кога постои зголемена опасност за настанување на пожар и

- заради контрола на опожарена површина и објекти.

Противпожарната стража од ставот 2 на овој член, се должни да ја организираат организаторите на јавни собири, правните лица кои вршат преточување на запаливи течности и гасови согласно со ставот 2 алинеја 2 на овој член, изведувачите на работите од ставот 2 алинеја 3 на овој член и правните лица, односно сопствениците кои стопанисуваат со површините од ставот 2 алинеи 4 и 5 на овој член.

Поставување на стражата од ставот 2 на овој член, може да нареди одговорното лице на територијалната противпожарна единица, односно раководителот на подрачната организациона единица за заштита и спасување.

Член 79

Сопствениците, односно корисниците на станбени објекти со повеќе од четири стана, како и сопствениците, односно корисниците на деловни и индустриски објекти кои не изработуваат планови за заштита и спасување, се должни да имаат „Пожарен куќен ред", поставен на видно место во објектот.

Пожарниот куќен ред од ставот 1 на овој член, содржи:

- мерки за заштита од пожари соодветна на животните и работните услови во објектот;

- организација на заштита од пожари и

- упатство за постапка во случај на пожар.

1.4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Член 80

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

1.5. Заштита и спасување од урнатини

Член 81

Заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

1.6. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Член 82

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици.

1.7. Спасување од сообраќајни несреќи

Член 83

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени

и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

2. Хуманитарни мерки

2.1. Евакуација

Член 84

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Член 85

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

2.2. Згрижување на настрадано и загрозено население

Член 86

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

2.3. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Член 87

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

2.4. Прва медицинска помош

Член 88

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

2.5. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Член 89

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

2.6. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Член 90

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

2.7. Асанација на теренот

Член 91

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

Член 92 е избришан.

IX. СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

а) Заеднички одредби

Член 93

Заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи се формираат единици и штабови за заштита и спасување (во натамошниот текст: сили за заштита и спасување).

Силите за заштита и спасување од ставот 1 на овој член, се формираат како републички и просторни сили за заштита и спасување.

Член 94

Републичките сили за заштита и спасување се формираат за дејствување во подрачјата на определен број на општини, кои според своите природно географски карактеристики претставуваат заокружена целина.

Републичките сили за заштита и спасување ги формира Републиката.

Просторните сили за заштита и спасување се формираат за дејствување на подрачјето на општината, а ги формираат единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување со уредба ги уредува Владата.

б) Пополнување на силите за заштита и спасување

Член 95

Силите за заштита и спасување имаат постојан и резервен состав.

Член 96

Постојаниот состав на силите за заштита и спасување го сочинуваат вработените во Дирекцијата, тимовите и територијалните професионални противпожарни единици.

Резервниот состав на силите за заштита и спасување го сочинуваат воените обврзници во резерва доколку не се ангажирани во Армијата на Република Македонија и граѓаните кои имаат должност за учество во силите за заштита и спасување.

Член 97

Припадниците во постојаниот и резервниот состав на силите за заштита и спасување кои се воени обврзници во резерва, не можат истовремено да бидат ангажирани во резервниот состав на Армијата на Република Македонија.

Член 98

Материјалните средства на силите за заштита и спасување од членот 94 став 1 на овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Материјалните средства на силите за заштита и спасување од членот 94 став 4 на овој закон се обезбедуваат од буџетот на општината и правните лица од кои се формирани.

Дирекцијата склучува договор и со физички и правни субјекти со кои се уредуваат обврските за ставање на располагање на материјално-техничките средства и опремата и вршење на други услуги за силите за заштита и спасување.

Член 99

Пополнувањето на резервниот состав на силите за заштита и спасување со воени обврзници во резерва и средства од материјалната обврска го врши Министерството за одбрана.

Пополнувањето на резервниот состав на силите за заштита и спасување со обврзници, се врши согласно со членот 42 став 1 од овој закон.

Начинот на пополнувањето на резервниот состав на силите за заштита и спасување и средствата од материјална обврска се уредува со уредба на Владата.

в) Подготвеност и мобилизација на силите за заштита и спасување

Член 100

Подготвеност на силите за заштита и спасување опфаќа преземање на организациски, безбедносни, стручни и други мерки и активности заради зголемување на подготвеноста за извршување на задачи во заштитата и спасувањето.

Член 101

Мобилизацијата опфаќа активности и постапки со кои организираните сили за заштита и спасување преминуваат во состојба на готовност за извршување на задачите.

Член 102

Одлука за зголемување на подготвеноста и за мобилизација на силите за заштита и спасување донесува директорот на Дирекцијата.

Одлука за зголемување на подготвеноста и за мобилизација на просторните сили за заштита и спасување донесува и надлежниот орган што ги формира.

Член 103

Одлука за ангажирање на републичките сили за заштита и спасување донесува директорот на Дирекцијата, а за просторните сили надлежниот орган кој ги формира.

Член 104

Начинот на подготвувањето и спроведувањето на подготвеноста и мобилизацијата на силите за заштита и спасување со уредба го уредува Владата.

г) Материјално обезбедување на силите за заштита и спасување

Член 105

Под материјално обезбедување на силите за заштита и спасување, во смисла на овој закон се подразбира снабдувањето на силите со опрема и материјално-технички средства за извршување на задачите, исхрана, сместување и санитетско обезбедување.

Член 106

Материјалното обезбедување на републичките сили за заштита и спасување го организира и спроведува Дирекцијата, а за просторните сили органот кој ги формира.

Член 107

За материјалното обезбедување за заштита и спасување на настрадaните се обезбедуваат потребни резерви на материјални средства.

Видот и обемот на резервите на материјални средства за заштита и спасување со уредба ги пропишува Владата.

д) Употреба на силите за заштита и спасување

Член 108

Во услови на природни непогоди и други несреќи, силите за заштита и спасување дејствуваат како единствен систем на заштитата и спасувањето.

Просторните сили за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, во услови на природни непогоди и други несреќи се употребуваат од страна на органот кој ги формира.

Просторните сили за заштита и спасување во услови на природни непогоди и други несреќи се употребуваат од страна на општината во која се настанати природните непогоди и другите несреќи.

Во условите од ставот 3 на овој член кога не можат да се отстранат последиците од природните непогоди и другите несреќи, по барање од градоначалникот на општината во која тие се настанати, со одлука на директорот на Дирекцијата се употребуваат републичките сили за заштита и спасување.

Републичките сили за заштита и спасување можат да се употребуваат и за укажување помош во странство.

ѓ) Раководење и командување со силите за заштита и спасување

Член 109

Со силите за заштита и спасување и со другите учесници ангажирани во заштитата и спасувањето, раководат штабови за заштита и спасување.

Со силите за заштита и спасување командуваат командантите на штабови за заштита и спасување, а на терен командирите на единиците.

Командувањето со силите за заштита и спасување се заснова врз принципите на едностарешинство, субординација и единство во командувањето при употребата на силите и средствата и обврската за извршување на наредбите на претпоставениот старешина.

Наредбите на претпоставениот старешина на силите за заштита и спасување не се извршуваат ако нивното извршување претставува кривично дело.

Член 110

Командантот на Главниот штаб за заштита и спасување за својата работа е одговорен пред Владата, а командантите на подрачните штабови пред директорот на Дирекцијата.

Командантот на просторниот штаб за заштита и спасување и командирите на единиците од просторните сили за заштита и спасување ги именува и се одговорни пред надлежниот орган кој ги формира.

Член 111

Единицата на силите за заштита и спасување има команда и командир на единицата.

Командата и командирот на единиците што ги формира Републиката ги поставува директорот на Дирекцијата, а командите и командирите на единиците на просторните сили за заштита и спасување ги поставува надлежниот орган кој ги формира.

Член 112

Начинот на раководење и командување со силите за заштита и спасување со уредба ги пропишува Владата.

е) Ознаки и униформи на силите за заштита и спасување, обележување на возилата и воздухопловите, на објектите, на средствата за заштита и спасување и на градбите и инсталациите што содржат опасни сили

Член 113

Припадниците на силите за заштита и спасување носат униформи со ознаки пропишани од директорот на Дирекцијата за заштита и спасување за време на нивното ангажирање во услови на мир и вонредна состојба.

Припадниците на силите за заштита и спасување носат униформи со меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита во случај на воена состојба.

Припадниците на силите за заштита и спасување во случај на воена состојба се легитимираат со легитимации на кои е истакнат меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита.

Содржината, формата и начинот на издавање и одземање на легитимацијата на која е истакнат меѓународен знак за распознавање на цивилната заштита ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Член 114

Возилата и воздухопловите на Дирекцијата имаат обележја на Дирекцијата и светлосни и звучни уреди кои се користат во услови на мир и вонредна состојба.

Специјалните возила и воздухопловите што се користат за извршување на задачи во заштитата и спасувањето можат да имаат вградено светлосни и звучни уреди и обележја од ставот 1 на овој член.

Во случај на воена состојба возилата и воздухопловите на Дирекцијата и возилата и воздухопловите што ќе се користат за извршување на задачи во заштитата и спасувањето се обележуваат со меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита.

Специјалните возила што се користат за извршување на задачи во заштитата и спасувањето во просторните сили формирани од единиците на локалната самоуправа можат да имаат вградено светлосни и звучни уреди и обележја.

Член 114-а

Меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита е рамнокрак син триаголник на портокалово поле.

Член 115

Функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, бојата, светлосните и звучните уреди и обележја на возилата што ги користат републичките сили и на возилата што ги користат просторините сили и воздухопловите за заштита и спасување што се користат во мир и вонредна состојба и начинот на истакнување на меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита во случај на воена состојба на униформата и функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, обележувањето на возилата и воздухопловите, на објектите, на средствата за заштита и спасување и на градбите и инсталациите што содржат опасни сили со уредба ги пропишува Владата.

IX-а. ПЛАТА, ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА И ДРУГИ ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС, МАТЕРИЈАЛНА И ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА ЛЕТАЧКИОТ ПЕРСОНАЛ, ВОЗДУХОПЛОВНО ТЕХНИЧКИОТ И ДРУГ СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ШТО НЕМААТ СТАТУС НА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 115-а

Воздухопловниот персонал на Дирекцијата што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно-техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер, координатор на лет и пиротехничар вработен во Дирекцијата немаат статус на државни службеници, имаат право на плата и додатоци на плата согласно со овој закон, Законот за работните односи, колективните договори и договорот за вработување.

Генералниот инспектор, овластените службени лица од областа на безбедноста и другите вработени во Дирекцијата што немаааат стаус на државни служабеници имаат право на плата и додатоци на плата

согласно со овој закон, Законот за работните односи, колективните договори и договорот за вработување.

Платата на летачкиот персонал, воздухопловно-техничкиот и друг стручен персонал, пиротехничарите и вработените во Дирекцијата што немаат статус на државни службеници е составена од:

- основна плата,

- дел од плата за работна успешност и

- додатоци на плата за посебни услови при работа.

Член 115-б

Основната плата се определува врз основа на видот, сложеноста, обемот и одговорноста за работите на работното место, стручната подготовка и стекнатите знаења и вештини.

Основната плата се утврдува така што износот на најниската плата се множи со коефициентот на сложеност на работното место на кое работникот работи, според договорот за вработување.

Коефициентот на сложеност на работните места се утврдува со колективен договор на ниво на работодавач.

Најниската плата за најнизок степен на сложеност се утврдува со колективните договори на ниво на работодавач.

Најниската плата ја утврдуваат и објавуваат потписниците на колективниот договор на ниво на работодавач, со спогодба најмалку еднаш годишно.

За вработените овластени службени лица од областа на безбедноста распоредени на работи и задачи на Генерален инспектор се определени.....4285 бода.

За вработените овластени службени лица од областа на безбедноста распоредени на работи и задачи на Помошник на Генерален инспектор се определени.....3731 бода.

За вработените овластени службени лица од областа на безбедноста распоредени на работи и задачи - Инспектор се определени .....2961 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал односно авиодиспечер и координатор распоредени на работи и задачи - Раководител на одделението за специјализирани услуги со воздухоплови се определени .....8366 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Заменик раководител на одделението за специјализирани услуги со воздухоплови се определени.....7935 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Пилот во авио одделението се определени .....7281 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Координатор.....5179 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи – Воздухопловно технички инженер - ИРЕ или АМС .....5440 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Воздухопловен механичар-техничар по АМС.....4200 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Воздухопловен механичар-техничар по ИРЕ.....4200 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Авио-диспечер-администратор .....3040 бода.

За вработените службени лица од областа на безбедноста и воздухопловнио персонал, поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите, како и поради тежината на посебните услови под кои тие се извршуваат им се утврдува додаток на платата во висина од 20%.

За вработените службени лица од областа на безбедноста распоредени на работи и задачи Генерален инспектор, Помошник на Генерален инспектор и Инспектор, покрај додатокот на плата од ставот 17 на овој член, имаат и право на инспекциски додаток на плата во износ од 30% од основната плата согласно Законот за инспекциски надзор.

За пиротехничарите вработени во Дирекцијата, распоредени на работи и задачи

- Раководител на одделение на пиротехничари и водител на тим..... 3900 бода.

За пиротехничарите вработени во Дирекцијата, распоредени на работи и задачи

- Пиротехничар.....3450 бода.

За вработените помошно - технички лица, платата се утврдува според групи:

За вработените помошно - технички лица платата се утврдува според степенот на образование и сложеноста на работното место на следниот начин:

а) за лицата од ставот 1 на овој член степенот на образование се вреднува и тоа:

- I група 3 степен на образование .....1145 бода,

- II група 2 степен на образование .....1035 бода,

б) за лицата од ставот 1 на овој член сложеноста на работното место се вреднува и тоа:

- административно - технички работи за кои е потребно завршен трет степен на стручна подготовка, односно тесно квалификувани и стручни профили со завршено образование за квалификувани работници .....800 бода;

- помошни работи за кои е потребен втор степен на стручна подготовка (ПКВ), односно интерна преквалификација или дополнителни курсеви .....700 бода.

Вредноста на бодот на платата за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухополовниот персонал, пиротехничарите и за помошно-техничките лица ја утврдува Владата на Република Македонија.

Додатоците на плата за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухополовниот персонал, пиротехничарите и за помошни-техничките лица од членот 115-а од овој закон се утврдуваат со посебен колективен договор на ниво на работодавач, согласно со Законот за работните односи.

На пиротехничарите вработени во Дирекцијата, поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите и поради изложеност на висок ризик по животот и здравјето, им се утврдува додаток на плата во висина од 35%.

Член 115-в

Делот од плата за работна успешност се утврдува во зависност од:

- вонредно и натпросечно оптоварување на работникот,

- зголемен обем на работа и

- предвремено и квалитетно извршување на работите.

Работната успешност на работникот според критериумите на ставот 1 од овој член се утврдува врз основа на мерила и критериуми утврдени со колективен договор на ниво на работодавач.

Член 115-г

Основната плата на вработените во Дирекцијата од членот 115-а на овој закон се зголемува со додатоци на плата за посебни услови при работа, најмногу до 35% и тоа за: прекувремена работа, теренски услови, тревога, учество во природни непогоди, вонредни состојби, воени вежби, мобилизациски вежби, обуки, дежурства и друга работа подолга од полното работно време во работна недела, работа во смена, односно турнус, работа за време на неделен одмор и празници утврдени со закон, користење и прекин на годишен одмор по потреба на работата, како и други вонредни ситуации предизвикани со потребите на меѓународна помош во други земји, работа ноќе, работа во три смени и изложеност на ризик по здравјето и животот.

Член 115-д

Основната плата на вработените од членот 115-а на овој закон се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 115-ѓ

Работодавачот на вработените од членот 115-а на овој закон им исплатува надоместок на плата за:

- време на привремена неспособност за работа поради болест,

- годишен одмор,

- време на прекин на работниот процес од причини од страна на работодавачот,

- дообразование, стручно оспособување и преквалификација, односно доквалификација, согласно со потребата на работодавачот и

- време на отказен рок.

Во случаите од ставот 1 на овој член на вработениот му припаѓа надоместок на плата во висина од неговата просечна исплатена плата во последните три месеци, доколку со закон поинаку не е определено.

Во платата од ставот 2 на овој член не се вклучува додатокот на плата за прекувремена работа.

Член 115-е

За време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда, согласно со закон, вработените од членот 115-а на овој закон имаат право на надоместок на плата во висина од:

- 70% за период до седум дена

- 80% за период до 15 дена и

- 90% за период до 21 ден, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, од просечно исплатената нето плата во претходните три месеци.

Во случај на спреченост за работа поради професионални заболувања и повреди на работа, давање на крв и за други случаи утврдени со закон, надоместокот се утврдува во висина од 100% од основицата утврдена во ставот 1 на овој член.

Член 115-ж

Вработените од членот 115-а на овој закон имаат право на надоместок на трошоците поврзани со работа, и тоа:

- дневници за службени патувања во земјата,

- дневници за службени патувања во странство согласно со Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци,

- на трошоците за користење на сопствен автомобил за потреби на работодавачот во висина од 30% од цената на литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километар со патен налог и

- на трошоците при селидба за потребите на работодавачот.

Член 115-з

Висината на надоместоците од членот 115-ж алинеи 1 и 4 на овој закон, се усогласуваат со колективен договор на ниво на работодавач на годишно ниво. Дневниците за службени патувања и теренскиот додаток, меѓусебно се исклучуваат.

Надоместокот за одвоен живот од семејството и теренскиот додаток, меѓусебно се исклучуваат.

Дневницата за службено патување се пресметува од часот на тргнувањето на службеното патување до часот на враќањето со превозното средство, и тоа:

- цела дневница ако патувањето траело повеќе од 12 часа и

- 50% од износот на дневницата за службено патување кое траело од осум до 12 часа. Доколку вработениот во ист ден, дел од работното време го помине на работното место, а еден дел е на службен пат, но помалку од осум часа, часовите поминати на службен пат над полното работно време му се сметаат за прекувремена работа.

Доколку за време на службеното патување се покриени трошоците за исхрана, превоз и ноќевање, се исплатува 20% од износот на дневницата.

По завршување на службеното патување, вработениот е должен во рок од три работни дена да поднесе сметка за патните и другите трошоци.

Кон сметката за патните и дневните трошоци се приложува патен налог за превоз и трошоците.

Член 115-ѕ

За време на приправничкиот стаж на вработените од членот 115-а на овој закон им припаѓа плата во износ од 80% од основната плата за работното место за кое се оспособува. На вработениот приправник му припаѓаат надоместоци и додатоци на плата за работното место за кое се оспособува.

Член 115-и

Вработените од членот 115-а на овој закон има право на платен одмор заради лични и семејни околности до седум работни дена во текот на годината во следниве случаи:

- за склучување на брак три дена,

- за склучување на брак на дете два дена и

- за раѓање или посвојување на дете два дена.

Член 115-ј

Летачкиот персонал, воздухопловно-техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер, координатор на лет и пиротехничар имаат право еднаш годишно на организирана седумдневна рекреација во спортско-рекреативни центри за рехабилитација под контрола на инструктори и лекари специјалисти, согласно со план кој го донесува директорот на Дирекцијата.

Летачкиот персонал има право на надоместок во висина од пет дневници за извршен пробен лет на воздухоплов на Дирекцијата.

Летачкиот персонал, воздухопловно-техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер, координатор на лет и пиротехничар, имаат право на зголемено траење на годишниот одмор во времетраење од три дена заради специфичните услови на работа, но не повеќе од 26 работни дена.

Член 115-к

На летачкиот персонал, му престанува работниот однос во Дирекцијата во случај, ако:

1) на работникот со правосилна одлука му е забрането да врши определени работи од работниот однос или ако му е изречена воспитна, заштитна или безбедносна мерка поради која не може да врши работи подолго од шест месеци или ќе мора поради издржување на затворска казна да биде отсутен од работа повеќе од шест месеци;

2) трајно ја загуби здравствената и физичката способност за воздухопловна служба и/или општата здравствена способност за работа - со денот на конечноста на решението за утврдување на здравствената и физичката способност;

3) исполни услови за пензија согласно со закон и

4) му е повлечена важечката цивилна дозвола издадена од Агенцијата за цивилното воздухопловство.

На воздухопловно-техничкиот и другиот стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор на лет им престанува работниот однос во Дирекцијата под услови и начин утврдени со Законот за работните односи.

На пиротехничар му престанува работниот однос во Дирекцијата во следниве случаи:

1) со изминување на времето за коешто бил склучен договорот за вработување;

2) со спогодба помеѓу работодавачот и работникот;

3) со отказ од страна на работодавачот согласно со општите прописи за работните односи;

4) со отказ од страна на работникот согласно со општите прописи за работните односи;

5) поради исполнување на условите за пензија согласно со овој закон;

6) ако со правосилна судска одлука му е забрането вршење на определени работи од работниот однос или ако му е изречена воспитна, заштитна или безбедносна мерка поради која не може да врши работи подолго од шест месеци или ќе мора поради издржување на казна затвор да биде отсутен од работа повеќе од шест месеци;

7) поради губење на работната способност и

8) со смрт.

Пиротехничар вработен во Дирекцијата остварува право на пензија согласно со овој закон со навршување на 40 години пензиски стаж и навршени 55 години возраст.

Пензијата од ставот 4 на овој член, се утврдува во висина од 80% од просечната нето-плата што пиротехничарот ја остварил во текот на најповолните 10 години од пензискиот стаж.

Средствата за исплата на пензијата од ставот 4 на овој член, до навршување на годините на живот за остварување на правото на старосна пензија според прописите на пензиското и инвалидското осигурување, се обезбедуваат од Буџетот на Дирекцијата.

На пиротехничарите вработени во Дирекцијата кои се распоредени на работи и задачи Раководител на одделение на пиротехничари - водител на тим и пиротехничар, стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и тоа, секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 18 месеци стаж на осигурување.

На осигуреник од ставот 7 на овој член, на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, старосната граница за стекнување право на старосна пензија му се намалува, зависно од степенот на зголемување на стажот и тоа за по една година за секои три години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат како стаж на осигурување како 18 месеци.

На осигуреник од ставот 7 на овој член, на кого ефективно поминати 12 месеци стаж на осигурување се сметаат како стаж на осигурување со зголемено траење, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува за секој период поминат на работно место со одреден степен на зголемување на стажот пропорционално на времето поминато на тоа работно место, со намалување на старосната граница од ставот 7 на овој член. Вкупното намалување на старосната граница се утврдува како збир на пропорционално утврдените намалувања за секој поединечен период.

Член 115-л

Вработените во Дирекцијата од членот 115-а на овој закон кои со намера или крајно невнимание ќе предизвикаат штета на средствата на Република Македонија во врска со вршење на работните задачи во Дирекцијата се должни да ја надоместат штетата.

Ако штетата ја предизвикаат повеќе лица, секое лице е одговорно сразмерно на штетата што ја предизвикало. Ако не може да се утврди делот од штетата, се смета дека сите се подеднакво одговорни и штетата ја надоместуваат во еднакви делови.

Ако повеќе лица предизвикале штета со кривично дело со умисла, за штетата одговараат солидарно.

Сметкополагачите и ракувачите со материјални средства и опрема одговараат за штетата и средствата кои им се доверени на чување, ако не докажат дека штетата ја причинило друго лице или дека настанала случајно или како последица на виша сила.

Член 115-љ

За материјалната одговорност со решение одлучува директорот на Дирекцијата по спроведена постапка од страна на комисија за утврдување на материјална одговорност што ја формира директорот на Дирекцијата.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици. За утврдување на материјалната одговорност на летачкиот поерсонал, односно авиодиспечер и координатор на лет, комисијата се формира од редот на летачкиот персонал и од финансиски експерти на Дирекцијата.

Во работата на комисијата од ставот 1 на овој член може да учествува и надворешен член кој е експерт од соодветната област.

Комисијата од ставот 1 на овој член утврдува постоење на материјална одговорност за штетата, нејзината висина, околностите под кои настанала, кој ја предизвикал и кој треба да ја надомести штетата или утврдува дека се исполнети условите за запирање на постапката, односно ослободување од обврската во целост или делумно да се надомести штетата од оправдани причини и дава предлог до директорот.

Член 115-м

Постапката за утврдување на материјална одговорност се запира во случаите кога:

- ќе се утврди дека нема штета или одговорност на пријавеното лице,

- лицето ќе ја признае и надомести штетата во текот на постапката и

- сторителот ќе остане непознат и настапи смрт на сторителот.

Како оправдани причини од членот 115-љ став 4 на овој закон се сметаат случаите кога:

- штетата не е причинета со намера;

- штетата настанала при изведување на обука или вежба во лоши временски услови;

- штетата настанала заради непостоење на услови за сместување на опремата соодветни на пропишаните;

- штетата настанала под околности под кои не би можела да се избегне или

- доколку со исплатата на надоместокот на штетата се загрозува егзистенцијата на вработените во Дирекцијата од членот 115-а на овој закон.

Против решението од членот 115-љ став 1 на овој закон летачкиот персонал, воздухопловно-техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор на лет има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од приемот на решението.

Начинот на утврдување на материјалната одговорност го пропишува директорот на Дирекцијата.

Член 115-н

Вработените во Дирекцијата од членот 115-а на овој закон одговорни се за повреда на работната дисциплина.

Одредбите од Законот за административни службеници што се однесуваат на дисциплинската одговорност соодветно се применуваат и на вработените во Дирекцијата од членот 115-а на овој закон.

Член 115-њ е избришан.

X. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЈА

Член 116

На припадниците на силите за заштита и спасување и на другите учесници во заштитата и спасувањето може да им се доделат плакети, значки и награди за постигнат исклучителен успех во заштитата и спасувањето.

Поблиски прописи за доделување на плакети, значки и награди донесува Владата.

XI. САМОЗАШТИТА

Член 117

Самозаштита претставува форма на активност на граѓаните за спречување на настанувањето или за ублажување на последиците од природните непогоди и други несреќи кои можат да влијаат на нивното здравје и живот.

Член 118

Подготвувањето на граѓаните за самозаштита се остварува со обучување во образовните институции и преку информирање на граѓаните.

Член 119

Содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на образованието и науката во согласност со директорот на Дирекцијата.

Подготвувањето на граѓаните за самозаштита преку информирање на граѓаните го врши Дирекцијата.

XII. НАБЉУДУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 120

Набљудувањето опфаќа активности за откривање и следење на опасностите од природни непогоди и други несреќи кои можат да ги загрозат луѓето, животните, растенијата, материјалните добра и културното наследство во секојдневното работење на Дирекцијата.

Известувањето на граѓаните заради заштита и спасување се врши преку единствениот систем за известување.

XIII. ОБУЧУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 121

Обучувањето за заштитата и спасувањето опфаќа основна, дополнителна и специјализирана обука, тренинг и вежби за стекнување неопходни стручни и други знаења за извршување на задачи во заштитата и спасувањето на припадниците на силите за заштита и спасување.

Во Центарот за обука се врши оспособување за основна, дополнителна и специјализирана обука, тренинг и вежби на припадниците на силите за заштита и спасување, врз основа на наставни планови и програми.

Содржината и начинот на спроведувањето на обучувањето за заштита и спасување се врши според наставни планови и програми за обучување за заштита и спасување што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Член 122

Обучувањето на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката го организира и спроведува Дирекцијата во Центарот за обука.

Обучувањето на раководниот и командниот кадар од просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината го организира и спроведува Дирекцијата во Центарот за обука на товар на општината.

Обучувањето на просторните сили за заштита и спасување во правните субјекти го организира и спроведува органот кој ги формира.

Обучување на просторните сили за заштита и спасување со специјализирана обука може да се врши и во Центарот за обука на товар на оној што ги формира.

XIV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО

Член 123

Финансиски средства за потребите на заштитата и спасувањето на Републиката се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Финансиски средства за потребите на заштитата и спасувањето на Републиката можат да се обезбедат и од други извори во согласност со закон.

Финансиски средства за органите на државната управа за потребите на заштитата и спасувањето се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, во рамките на финансиските средства на тие органи.

Финансиски средства за единиците на локалната самоуправа за потребите на заштитата и спасувањето се обезбедуваат од нивните средства во согласност со закон.

Јавните претпријатија, трговските друштва, установите и службите финансиски средства за потребите на заштитата и спасувањето обезбедуваат од сопствени средства.

Трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите од посебно значење за заштитата и спасувањето, коишто се определени со одлука на Владата, финансиски средства за потребите на заштитата и спасувањето обезбедуваат од сопствени средства и од средствата на Буџетот на Република Македонија.

Член 124

Планот за финансиски средства потребни за Дирекцијата за заштита и спасување, а што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, го изработува Дирекцијата за заштита и спасување.

Со финансискиот план од ставот 1 на овој член по програми, потпрограми, се искажуваат намените, задачите и динамиката на финансиските средства за остварување на функциите на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката и другите активности на Дирекцијата за заштита и спасување.

Начинот и постапката за изработка на планот од ставот 1 на овој член, се утврдува со правилник што го донесува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 125

Во согласност со Буџетот на Република Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување врши реализација на одобрените финансиски средства и по потреба врши ревизија на нивната реализација.

За реализација на средствата од ставот 1 на овој член, Дирекцијата за заштита и спасување ги известува Владата и Собранието на Република Македонија.

XV. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ ВО ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО

Член 126

Граѓаните повикани заради извршување на правата и должностите од областа на заштитата и спасувањето, во врска со учеството во силите за заштита и спасување што ги формира Републиката и извршувањето на обврските и другите должности во заштитата и спасувањето утврдени со овој закон, имаат право на паричен надоместок утврден со овој закон.

Граѓаните повикани заради извршување на правата и должностите од областа на заштитата и спасувањето, во врска со учеството во силите за заштита и спасување што ги формираат единиците на локалната самоуправа и извршувањето на обврските и другите должности во заштитата и спасувањето утврдени со овој закон, имаат право на паричен надоместок согласно со овој закон, утврден со одлука на советот на единицата на локалната самоуправа.

Член 127

Граѓаните од членот 126 на овој закон, имаат право на следниве парични надоместоци:

- плата, пензија или други парични примања;

- трошоци за превоз, сместување и исхрана;

- еднократна парична помош во случај на смрт, повреда или оштетување на организмот;

- погребни и други трошоци;

- за изведување обука, тренинг и вежби за заштита и спасување и

- пронаоѓање и уништување на неексплодирани средства.

Член 128

Граѓаните кои се во работен однос или вршат самостојна дејност, примаат паричен надоместок по основа на невработеност или примаат пензија, имаат право на паричен надоместок во висина на плата или надоместок исплатен за последниот месец пред повикувањето или ангажирањето на кои е пресметан и уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување, односно во висина на пензијата.

Граѓани кои не се во работен однос, не вршат самостојна или професионална дејност, не примаат паричен надоместок по основа на невработеност или не остваруваат право на пензија, имаат право на

паричен надоместок во висина на просечна нето плата по работник во Републиката објавена од Државниот завод за статистика во последниот месец пред повикувањето, односно ангажирањето (во натамошниот текст: просечна месечна плата).

Член 129

Граѓаните распоредени на должност во резервниот состав на силите за заштита и спасување, имаат право и на разлика од надоместокот на членот 127 алинеја 1 на овој закон до висината на платата на вработениот во Дирекцијата за заштита и спасување, доколку надоместокот е понизок од платата.

Член 130

Граѓаните распоредени на должности во силите за заштита и спасување што ги формира Републиката и што ги формираат единиците на локалната самоуправа, имаат право и на разлика од надоместокот на членот 127 алинеја 1 на овој закон до висината на надоместокот за извршување на должностите во силите за заштита и спасување, доколку надоместокот е понизок од надоместокот за извршување на должностите во силите за заштита и спасување.

Висината на надоместокот за извршување на должностите во силите за заштита и спасување што ги формира Републиката, ги утврдува Владата и не може да биде поголем од три просечни месечни плати.

Висината на надоместокот за извршување на должностите во силите за заштита и спасување што ги формира единицата на локалната самоуправа, ја утврдува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа и не може да биде поголем од три просечни месечни плати.

Член 131

Граѓаните за време на извршување на правата и должностите во областа на заштитата и спасувањето имаат право на надоместок на трошоците за превоз, исхрана и сместувањеноќевање, доколку не се обезбеди бесплатен превоз, бесплатна исхрана и бесплатно сместување-ноќевање.

Надоместокот на трошоците за превоз е во висина на цената на возниот билет во јавниот сообраќај, доколку станот во кој живее граѓанинот е оддалечен над 2,5 километри од местото на јавувањето, односно доаѓањето.

По исклучок од ставот 2 на овој член, за правците во кои нема организиран јавен превоз, надоместокот на трошоците направени со возило е во висина од 30% од продажната цена на 1 литар гориво за возило, кое се користи за секој изминат километар.

Висината на надоместокот на дневните трошоци за исхрана е 5% од просечната месечна плата, доколку ангажирањето траело до 8 часа, односно 8% доколку ангажирањето траело подолго од 8 часа.

Во случај кога не е обезбедено бесплатно сместување-ноќевање, а граѓаните се повикани на извршување на должностите од областа на заштитата и спасувањето надвор од местото на живеалиштето односно престојувалиштето, висината на надоместокот е во износ на стварните трошоци за сместување, а се исплатува според поднесена сметка за сместување во хотели до ,,Б" категорија.

Член 132

Граѓани повикани заради извршување на права и должности во републичките сили за заштита и спасување или во просторните сили за заштита и спасување формирани од единиците на локалната самоуправа, доколку за време на извршувањето на должностите им се обезбеди бесплатен превоз, бесплатна исхрана и бесплатно сместување ноќевање, имаат право на надоместок за дополнително ангажирање и тоа:

- за раководниот-командниот кадар во силите за заштита и спасување 5% од просечната месечна плата и

- за другите извршители во силите за заштита и спасување 3% од просечната месечна плата.

Член 133

Висината на надоместокот на еднократна парична помош на семејството во случај на смрт, односно загинување на граѓани за време на извршување на должности во заштитата и спасувањето изнесува дванаесет просечни месечни плати.

Член 134

Висината на надоместокот на еднократна парична помош во случај на повреда и оштетување на организмот од најмалку 20% за време на извршување на должностите во заштитата и спасувањето изнесува 50% од просечната месечна плата.

Член 135

Висината на надоместокот за погребните и други трошоци (сандак со опрема и венец), трошоците за превоз на умрениот, односно загинатиот граѓанин од местото на смртта до местото на погребувањето, доколку семејството ги врши и другите трошоци сторени со традиционален обичај за време на погребот изнесува пет месечни плати.

Член 136

Граѓаните ангажирани како предавачи во обуката за заштитата и спасувањето, за секое предавање имаат право на надоместок во висина од 30% од дневницата за службени патувања во земјата утврдена за државните службеници.

Надоместокот од ставот 1 на овој член, не им припаѓа на вработените во Дирекцијата и во постојаниот состав на силите за заштита и спасување, ако се ангажирани како предавачи во обуката за заштита и

спасување во работно време.

Научни и јавни работници кои се ангажирани во обуката за заштита и спасување како предавачи имаат право на надоместок во висина утврдена со посебен договор склучен меѓу овие лица и Дирекцијата.

Член 137

Граѓаните - пиротехничари и помошни работници ангажирани за пребарување на теренот заради утврдување и постоење на неексплодирани убојни средства имаат право на надоместок во висина од 0,2% по метар кубен испитан терен од просечната месечна плата.

Граѓаните-пиротехничари и помошните работници ангажирани за уништувањето на пронајдените неексплодирани убојни средства, во зависност од бројот на парчињата, тежината и видот на убојното средство имаат право на надоместок до 20% од просечната месечна плата.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член не се однесуваат на пиротехничарите вработени во Дирекцијата.

Член 138

Средствата за надоместокот на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, а средствата за надоместокот на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето повикани во просторните сили формирани од единиците на локалната самоуправа се обезбедуваат од буџетот на единицата на локалната самоуправа.

Поблиски прописи за висината и начинот на остварувањето на надоместокот на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето донесува Владата.

XVI. НАДЗОР

Член 139

Надзор над спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон ги врши Дирекцијата.

Член 139-а

Во постапката за вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 139-б

При вршењето на инспекцискиот надзор, во согласност со закон, инспекторот има обврска да:

1) постапува по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата;

2) го известува одговорното лице на субјектот на надзорот за почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, освен ако со закон поинаку не е утврдено или ако со таквото известување ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот;

3) се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното или друго овластено лице на субјектот на надзорот;

4) состави записник за извршениот инспекциски надзор;

5) ја чува тајноста на класифицираните информации;

6) постапува законито, навремено и во согласност со и Етичкиот кодекс на инспекциската служба и

7) го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ за вршење на надзор.

Член 139-в

Во согласност со закон, заради отстранување на утврдените неправилности, инспекторот има право и обврска на субјектот на надзорот:

1) да му укаже на утврдените неправилности и да определи рок за нивно отстранување;

2) да му нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определи инспекторот и

3) да му поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

Член 140

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат генералниот инспектор за заштита и спасување (во натомошниот текст: генералниот инспектор), помошници на генералниот инспектор и инспектори за заштита и спасување (во натамошниот текст: инспектори), кои се овластени службени лица во областа на безбедноста.

Лицата од ставот 1 на овој член, поради видот, природата, сложеноста и тежината на работата, како и условите и начинот на нејзиното вршење, се со посебни овластувања и должности, утврдени со овој закон.

Инспектор за заштита и спасување може да биде лице со најмалку завршен VII/1 степен на образование од следните области машинство или индустриско инженерство и менаџмент, воено технички науки, правни науки, одбрана, физика, технологија на прехранбени производи, хемиска технологија, сообраќај и транспорт, економски науки, текстилна технологија, електротехника, компјутерска техника и информатика, машинство, географија, градежништво и водостопанство и други технички науки, или ниво на квалификации VI А, според Националната рамка на високо-образовните квалификации, со најмалку шест години работно искуство во заштита и спасување од кои најмалку две години во државна служба или стекнати 180 до 300 кредити спопрд ЕКТС.

Член 140-а

Доколку при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот за заштита и спасување утврди дека по прв пат е сторен прекршок од членовите 75 ставови 1 и 2 и 79 став 1 на овој закон е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на неправилноста во рок од осум дена од приемот на записникот и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на субјектите од членовите 75 ставови 1 и 2 и 79 став 1 на овој закон каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Едукацијата ја организира и спроведува Дирекцијата во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин субјектите од членовите 75 ставови 1 и 2 и 79 став 1 на овој закон над кој се спроведува едукацијата не се јават на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку во закажаниот термин субјектите од членовите 75 ставови 1 и 2 и 79 став 1 на овој закон над кој се спроведува едукацијата се јават на закажаната едукација и истата ја завршат ќе се смета дека се едуцирани по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот за заштита и спасување при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот за заштита и спасување при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочна комисија.

Дирекцијата води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од директорот на Дирекцијата.

Член 140-б

Дирекцијата за извршените инспекциски надзори изготвува квартални извештаи кои се објавуваат на интернет страницата на Дирекцијата, на унифициран квартален преглед.

Член 140-в

За овластените службени лица во областа на безбедноста-инспектори се утврдени следниве категории:

- Категорија Б - раководни овластените службени лица во областа на безбедноста – инспектори и

- Категорија В - стручни овластените службени лица во областа на безбедноста – инспектори.

Член 140-г

Категоријата Б ги опфаќа раководните овластени службени лица со надлежност на цела територија на Република Македонија и во истата се утврдуваат две нивоа:

- Ниво Б1 - Генерален инспектор и

- Ниво Б2 - Помошник на генералниот инспектор.

Вработените од ставот 1 алинеите 1 и 2 на овој член, покрај општите услови за засновање на работен однос утврдени согласно со закон, задолжително треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за работното место:

а) Работно искуство и тоа:

- за Ниво Б1 - најмалку осум години работно искуство во заштитата и спасувањето од кои најмалку три години во спроведување на надзорот од областа на заштитата и спасувањето;

- за Ниво Б2 - најмалку шест години работно искуство во заштитата и спасувањето од кои најмалку две години во спроведување на надзорот од областа на заштитата и спасувањето;

б) други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Член 140-д

Категоријата В ги опфаќа стручните овластени службени лица со надлежност на цела територија на Република Македонија и во истата е утврдено Ниво В1 - инспектор.

Овластените службени лица од ставот 1 на овој член, покрај општите услови за засновање на работен однос утврдени согласно со закон, задолжително треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за работното место:

а) Најмалку шест години работно искуство во заштитата и спасувањето;

б) Други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Член 141

Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите се овластени:

- да постапува по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата,

- да го известува одговорното лице на субјектот на надзорот за почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, освен ако со закон поинаку не е утврдено или ако со таквото известување ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот,

- да состави записник за извршениот инспекциски надзор,

- да го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ за вршење на надзор,

- да остваруваат увид во спроведувањето на овој закон и другите прописи од заштитата и спасувањето,

- да предложат мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци во определен рок,

- да вршат надзор над објекти и простории на државни органи, органите на државната управа, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби, верски објекти, градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, градби со станбено-деловна намена, правни лица, здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации и физички лица за спроведување на мерките за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи,

- да вршат надзор над субјекти чија дејност е производство, складирање, промет и употреба на опасни материи,

- да вршат надзор над субјекти чија дејност е производство, складирање, промет и употреба на експлозивни материи,

- да вршат надзор врз оперативните активности за гасење на пожар на отворен и затворен простор,

- да вршат надзор над оперативното работење на територијалните противпожарни единици,

- да учествуваат во увид од настанат пожар, поплава, техничко-технолошки несреќи и друго,

- да учествуваат во технички прием на новоизградени објекти како и на објекти на кои се врши реконструкција или пренамена за примена на мерките за заштита и спасување,

- учествуваат во постапки со неексплодирани убојни и други експлозивни средства,

- да вршат утврдување на идентитет на лица, при вршење на надзорот или при вршење на увид на настанати пожари, поплави и други несреќи согласно со овој закон,

- да вршат пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време во случај на опасност, загрозеност, криза и ризик при природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба,

- да поведуваат барање за сторени прекршоци до надлежен орган, согласно со закон,

- да вршат привремено одземање на предмети и документи кои можат во прекршочна или кривична постапка да послужат како доказ, согласно со овој закон,

- да вршат обезбедување на примероци од ракопис и потпис поради утврдување на факти со кои се потврдува автентичноста и потеклото на документите согласно со овој и друг закон,

- да употребуваат техничка опрема при вршење на надзорот,

- да вршат надзор врз оперативните активност при спроведување на мерката евакуација на населението и негово згрижување,

- да вршат надзор на оперативните активности и постапки при извршување на мобилизацијата на силите за заштита и спасување.

При вршењето на надзорот инспекторот е должен да дава помош во спроведувањето на законите и другите прописи од областа на заштитата и спасувањето.

Член 141-а

Службеното својство на инспекторот се докажува со легитимација која ја издава и одзема директорот на Дирекцијата.

Директорот на Дирекцијата ги пропишува образецот, формата и содржината на легитимацијата, како и начинот на нејзиното издавање и одземање.

При вршење надзор инспекторот е должен да се легитимира.

Член 141-б

Поради видот, природата и сложеноста на инспекциските работи, како и поради тежината на работите инспекторите се со посебни овластувања и должности.

Член 141-в

Заради вршење на инспекцискиот надзор, физичките лица и правните субјекти се должни да овозможат непречено вршење на надзор од областа на заштитата и спасувањето.

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите имаат право на пристап и увид секаде каде што сметаат дека е неопходно, во секое време и без најава, на деловни простории и простор, средства, направи, уреди и инсталации во јавна и приватна сопственост и имаат право да ја разгледаат пропишаната документација на правното, односно физичкото лице која се однесува на заштитата и спасувањето.

За вршење на работите од ставот 2 на овој член во станбени простории, инспекторите мораат да обезбедат судска одлука.

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите можат да побарат присуство на полициски службеник, заради негова заштита.

Информациите што инспекторот ќе ги дознае при инспекцискиот надзор, а се класифицирани информации, инспекторот со нив ќе постапи согласно со прописите за класифицирани информации.

Инспекторот е должен да ја чува тајноста на изворот на информациите, како и на пријавата врз основа на кои го спроведува инспекцискиот надзор.

Член 141-г

Ако инспекторот утврди дека во употреба се наоѓаат уреди, направи, технички средства, инсталации и средства за заштита и спасување кои не одговараат на важечките стандарди со решение ќе нареди забрана на нивна употреба и нивно отстранување.

Член 141-д

Ако инспекторот при вршење на надзор утврди дека постои непосредна опасност од:

- уривање на објекти;

- настанување на пожари и експлозии;

- отежната евакуација на загрозени лица;

- оневозможување на ефикасна интервенција на тимовите и

- други опасности, со решение ќе нареди забрана на користење на објектот или на дел од објектот.

Член 141-ѓ

Заради извршување на решението од членовите 141-г и 141-д на овој закон, инспекторот ќе изврши запечатување на објект или на дел од објект.

Запечатувањето од ставот 1 на овој член се врши со жиг на Дирекцијата.

Содржината и формата на жигот, како и начинот на запечатување ги пропишува директорот на Дирекцијата.

По отстранување на утврдените недостатоци поради кои е изречена мерката запечатување, а по писмено барање на физичкото или правното лице, инспекторот е должен да излезе на лице место, да ја утврди фактичката состојба и доколку се отстранети утврдените недостатоци ќе изврши отпечатување.

Член 141-е

Во вршење на надзор на спроведување на прописите од областа на заштитата и спасувањето, инспекторите соработуваат со други инспекциски органи.

Кога инспекторот при вршење на надзорот утврди повреда на прописите во надлежност на друг инспекциски орган, за тоа ќе го извести истиот.

Член 141-ж

Против решението од членовите 141-г и 141-д на овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од приемот на решението. По жалбата одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 141-з

Прекршочната комисија од членот 155-а на овој закон е должна веднаш, а најдоцна во рок до пет дена од денот на поднесувањето да ги земе на разгледување барањата на инспекторите за заштита и спасување.

Член 141-s

Овластените службени лица во областа на безбедноста - инспектори носат и поседуваат службени униформи и обележја.

Изгледот, обележјата и видот на службените униформи ги пропишува директорот.

Член 142

За извршениот инспекциски надзор, инспекторите се должни да состават записник кој ќе му го предадат на одговорното лице каде што е вршен инспекцискиот надзор и на генералниот инспектор за заштита и спасување.

Во записникот се внесува констатираната состојба и предложените мерки и рокови за отстранување на недостатоците и неправилностите. Одговорното лице од ставот 1 на овој член, е должно да постапи според записникот и да го извести инспекторот за преземените мерки.

Ако при вршењето на надзорот, инспекторот смета дека повредата на прописите претставува прекршок или кривично дело, должен е до надлежниот орган да поднесе барање, односно пријава за покренување на соодветна постапка.

Директорот на Дирекцијата донесува годишна програма за работа на Генералниот инспектор најдоцна до 31 јануари за тековната година.

XVII. ПРОЦЕНА НА ШТЕТА И ПОМОШ ВО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

а) Процена на штетата

Член 143

Проценатa и утврдувањето на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи ја вршат комисии што ги формира:

- Владата;

- советите на единиците на локалната самоуправа и

- органите на управување во трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Проценатa на штетата се утврдува по единствена Методологија за процена на штета, што ја донесува Владата, на предлог на Министерството за финансии.

Начинот на работа на комисиите од ставот 1 на овој член ќе се уреди со уредба што ја донесува Владата.

Утврдувањето на висината на штетата започнува веднаш по настанување на непогодата и во рок од 360 дена од престанокот на непогодата комисиите од ставот 1 на овој член се должни да изготват извештај за утврдената штета и да го достават до комисијата што ја формира Владата.

Член 144

Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи што ја формира Владата, врши процена и утврдување на висината на штетата само кога Републиката ја организира односно учествува во заштитата и спасувањето.

На претседателот и на членовите на Комисијата од ставот 1 на овој член им следува надоместок што го определува Владата со одлука, во зависност од бројот на одржани седници и нивното присуство на седниците.

Член 145

Проценатa и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

Освен утврдувањето на штетата според критериумите од ставот 1 на овој член, комисијата го утврдува и извршува обемот и висината на осигурувањето според општите и посебните правила на осигурување кој се одбива од вкупно утврдената штета.

б) Помош во отстранувањето на последиците од природните непогоди и други несреќи

Член 146

Комисијата што ја формира Владата по претходно добиените извештаи изготвува вкупен извештај за штетата и го доставува до Владата најдоцна во рок од 120 дена од доставувањето на извештајот од членот 143 став 4 од овој закон.

Вкупниот извештај за штета што го изготвува комисијата од ставот 1 на овој член, содржи оцена на комплетноста на доставените извештаи согласно со Методологијата за процена на штета и мислење од Министерството за финансии за можноста за обезбедување на парична помош од Буџетот на Република Македонија.

Помошта може да биде во вид на непосредна парична помош или помош со намалување, односно ослободување од даночните обврски, кои се даваат без обврски за враќање.

Помошта која ја добиваат единиците на локалната самоуправа и другите правни лица може да ја користат исклучиво за намената за која е дадена.

Врз основа на вкупниот извештај од ставот 1 на овој член, на предлог на Комисијата, Владата донесува одлука за видот и висината на помошта и начинот на нејзиното спроведување.

XVIII. АНГАЖИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 147

Заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи од поголеми размери што не можат да се спречат и чии последици не можат да се отстранат со републичките сили за заштита и спасување, на барање на командантот на Главниот штаб, Владата донесува одлука за ангажирање на меѓународни сили за заштита и спасување или сили на колективните системи за безбедност и одбрана.

Времето, начинот и условите под кои ќе се ангажираат силите од ставот 1 на овој член се пропишуваат со одлука што ја донесува Владата.

Член 148

Во активностите за заштита и спасување, општините можат да остваруваат прекугранична соработка со општините чие подрачје граничи со подрачје на општина на соседна држава.

Начинот на остварувањето на соработката го уредува со уредба Владата.

XIX. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 149

Поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите што се извршуваат од вработените во Дирекцијата што се ангажирани на работите и задачите од заштитата и спасувањето, поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат, износот на средствата наменет за плата за извршување на тие работи и задачи се зголемува до 30%.

Член 150

На вработените во Дирекцијата за заштита и спасување, како и ангажираните припадници на силите за заштита и спасување во тековното работење и за време на ангажирањето на активностите во заштитата и спасувањето имаат животно осигурување.

Дирекцијата склучува договор за животно осигурување со друштво за осигурување за пиротехничарите вработени во Дирекцијата, во случај на смрт или повреда предизвикана при извршување на работи со неексплодирани убојни и други експлозивни средства.

XX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 151

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на граѓанинот, ако:

- не постапи согласно со одредбата од членот 41 на овој закон и
- не постапи согласно со одредбата од членот 46 на овој закон.

Глоба во износ утврден во ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на странски државјанин, ако не постапи согласно со одредбата од членот 45 на овој закон.

Член 152

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:

- не постапи согласно со одредбите од членот 44 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 70, став 1 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 71 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 72 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 73 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 74на овој закон и
- не постапи согласно со одредбите од членот 79 на овој закон.

Член 153

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- не постапи согласно со одредбите од членот 11 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 37 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 38 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 39 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 44 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 47 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 51 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 53 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 54 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 56 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 58 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 59 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 60 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 66 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 69 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 70 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 71 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 72 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 74 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 75 на овој закон;

- не постапи согласно со одредбите од членот 76 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 77 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 78 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 79 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 87 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 141-в на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 141-г на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 141-д на овој закон и
- не постапи согласно со одредбите од членот 141-ѓ на овој закон.

Глоба во износ утврден во ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на странско правно лице, ако не постапи согласно со одредбата од членот 45 на овој закон.

Глобата во износ од „30%“ од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во странското правно лице.

Член 154

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на градоначалникот и службеното лице на органот кој ја спроведува постапката за издавање на одобрение за градење, ако не обезбеди согласност, согласно со членот 70 став 2 од овој закон.

Член 154-а

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во Дирекцијата, доколку не постапи согласно со членот 70 став 2 од овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член одлучува прекршочниот орган на Дирекцијата.

Член 155

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на градоначалникот и службеното лице во единицата на локалната самоуправа, ако:

- не постапи согласно со одредбите од членот 35 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 36 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 51 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 53 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 54 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 56 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 58 на овој закон;

- не постапи согласно со одредбите од членот 59 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 60 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 62 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 64 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 75 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 76 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 77 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 79 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 106 на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 141-в на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 141-г на овој закон;
- не постапи согласно со одредбите од членот 141-д на овој закон и
- не постапи согласно со одредбите од членот 141-ѓ на овој закон.

Член 155-а

За прекршоците утврдени во членовите 151, 152, 153, 154 и 155 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Дирекцијата (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

Прекршочна постапка од ставот 1 на овој член пред прекршочен орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) формирана од страна на директорот на Дирекцијата.

Прекршочната комисија е составена од претседател и два члена. Претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од пет години во својата област, а членовите се со високо образование и работно искуство од пет години во својата област.

Прекршочната комисија се избира на секои три години.

Покрај членовите на Прекршочната комисија директорот на Дирекцијата може да определи секретар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за комисијата и заменик претседател и заменици членови кои по исклучок учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некои од членовите.

Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.

Против решението на прекршочниот орган од ставот 1 на овој член со кое се изрекува прекршочна санкција може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка.

Член 155-б

Директорот на Дирекцијата може да формира повеќе прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за прекршоци за одделни области и/или за одделни подрачја од

Република Македонија.

Претседател, односно член на Прекршочната комисија може да се разреши:

- со истекот на времето за кое е именуван,

- по негово барање,

- со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон,

- ако му се утврди трајна неспособност,

- ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочна постапка со правосилна одлука,

- ако не ги исполнува обрските кои произлегуваат од работењето во прекршочната комисија и

- ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

Предлог за разрешување на претседател и заменик претседател на комисија за случаите од ставот 2 алинеи 3 до 8 на овој член поднесува директорот на Дирекцијата.

Предлог за разрешување на член и заменик член на комисија за случаите од ставот 2 алинеи 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до директорот на Дирекцијата.

Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

Претседателот и членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Прекршочниот орган води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од директорот на Дирекцијата.

Член 155-в

За прекршоците утврдени во членовите 151, 152, 153, 154 и 155 од овој закон, инспекторите за заштита и спасување се должни на сторителот да му издадат прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, инспекторот за заштита и спасување составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.

Инспекторот за заштита и спасување може да му предложи на сторителот надминувањето на последиците од прекршокот да се заменат со вршење на други обврски кои придонесуваат за подобрување на условите на безбедноста и здравјето на вработените при работа кои дотогаш не биле преземени или реализирани од страна на сторителот на прекршокот.

Инспекторот за заштита и спасување е должен да води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 5 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Функционерот кој раководи со органот надлежен од областа на заштитата и спасувањето ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 155-г

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

XXI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 156

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување го именува Владата, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во рок од три месеци од денот на именувањето на директорот на Дирекцијата, ќе се донесат актите за организација и систематизација на работните места во Дирекцијата.

Член 157

До денот на влегувањето во сила на законот со кој ќе се уредат правата, обврските и надлежностите на Генералниот инспектор, инспекцискиот надзор во областа на заштитата и спасувањето ќе го врши Дирекцијата согласно со законите според кои се вршел надзорот од цивилната заштита и заштитата од пожари.

Вработените од Министерството за внатрешни работи кои вршат работи во областа на инспекцискиот надзор за заштита од пожари согласно со ставот 1 од овој член ги презема Дирекцијата.

Член 158

До отпочнување со работа на Дирекцијата, инспекцискиот надзор во областа на заштитата и спасувањето ќе продолжат да го вршат инспекторите од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи согласно со одредбите од законите според кои го вршеле надзорот до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 159

Вработените од Министерството за одбрана, кои вршат работи во областа на цивилната заштита ги презема Дирекцијата, при што соодветно и правично се застапуваат заедниците.

Работните простории, магацини, објекти и простории за обука кои биле наменети за цивилна заштита или истите ги користеле вработените во цивилната заштита, или силите на цивилната заштита, ги презема Дирекцијата со денот на преземањето на вработените.

Материјално-техничките средства, инвентарот, средствата за работа, возилата, архивата, документацијата кои биле наменети за силите на цивилната заштита и вработените во цивилната заштита од Министерството за одбрана ги презема Дирекцијата.

Објектите за заштита од Министерството за одбрана ги презема Дирекцијата.

Член 160

Вработените од Министерството за внатрешни работи кои вршеле работи во областа на инспекцискиот надзор за заштита пожари, материјално – техничките средства, инвентарот, средствата за работа, архивата, документацијата, возилата кои биле во врска со вршење на инспекцискиот надзор за заштита од пожари ги презема Дирекцијата.

Член 161

За спроведување на процесот на преземање на вработените, целокупната документација и архива поврзана со работењето на вработените кои се преземаат од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се формира Комисија од Владата составена од по два претставника на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Дирекцијата.

За евентуалните спорови кои не ќе може да ги реши Комисијата од ставот 1 на овој член, ќе одлучува Владата.

Член 162

Владата обезбедува просторни услови за работа на Дирекцијата.

Член 163

Јавното претпријатие или трговското друштво што стопанисува со водоводната мрежа од членот 84 став 2 на овој закон во населено место е должно да обезбеди улична хидрантска мрежа во сите делови на населеното место, најдоцна во рок од 36 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 164

До формирањето на републичките сили за заштита и спасување согласно со овој закон, силите на цивилната заштита остануваат со формациски состав формирани согласно со Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" број 42/2001 и 5/2003).

Член 165

Подзаконските прописи чие донесување е утврдено со овој закон, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 166

Националната стратегија за заштита и спасување, Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи утврдени со овој закон, ќе се донесат најдоцна во рок од 24 месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на плановите од ставот 1 на овој член, ќе продолжат да се применуваат плановите за употреба на цивилната заштита во воена и вонредна состојба и плановите за заштита од пожари.

Член 167

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за заштита од елементарни непогоди ("Службен весник на Република Македонија" број 39/77) и одредбите од Законот за заштита од пожари ("Службен весник на Република Македонија" број 43/86, 37/87, 51/88, 36/90 и 12/93), кои се однесуваат на мерките за заштита од пожари, оспособување и обучување на работните луѓе и граѓаните за заштита од пожари и надзорот над спроведувањето на мерките за заштита од пожари.

Член 168

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува сметано од 1 јануари 2005 година.

ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/16

Член 29

Условите предвидени во членот 140 став 3 од овој закон не се однесуваат за затекнатите инспектори вработени во Дирекцијата.

Овластените службени лица од областа на обезбедноста кои се распоредени на работни места за кои не го исполнуваат посебниот услов за стручни квалификации во однос на видот и степенот на образованието за нивото на рабатното место на кое се распоредени, а кој е утврден со овој закон или актите за систематизација, се должни да го исполнат условот во рок од седум години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

II. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/18

Член 2

Одредбата од членот 19 став 4 точка 5) од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) и одредбата од членот 1 од овој закон со кој членот 19 став 4 точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применува од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Директорот и заменик директорот кои се избрани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивниот избор.

На директорот и заменик директорот кои нема да го исполнат условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член им престанува мандатот.

III. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21

Член 9

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, извештаите за процена за утврдена загуба на приходот од продажбата на земјоделските растенија и животни и на земјоделскиот имот и штетите на стаклености и пластеници согласно со Уредбата за дополнување на Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија” број 90/15), во периодот до денот на влегувањето во сила на Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Северна Македонија” број 194/19), ќе ги достави до Комисијата при

Владата на Република Северна Македонија во форма на збирен извештај со вкупно проценета штета, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Владата на Република Северна Македонија врз основа на збирниот извештај од ставот 1 на овој член, донесува одлука за видот и висината на помошта и начинот на нејзиното спроведување.

Право на помош согласно со овој член, немаат лицата кои остварile право на помош за утврдена загуба на приходот од продажбата на земјоделските растенија и животни и на земјоделскиот имот и штетите на стаклености и пластеници од штетниот настан, согласно со Законот за земјоделство и рурален развој.”.

Член 10

Одредбите од член 2 ставови 1,2 и 3 од овој закон, со кои се менува член 115-б ставови 6, 7 и 8, ќе зпочнат да се применуваат од 1 јануари 2022 година.